**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

Наш број: 09-577/1
21.01.2022
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 и 215/2021), Секретарот на Град Скопје, донесе

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.12/2021 за пополнување на работни места со унапредување, за извршител на работното место УПР0101Б03000 Помошник раководител на Сектор за правни работи во Секторот за правни работи се избира кандидатот **Никола Џајкоски.**
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

### Образложение

На ден 28.12.2021 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.12/2021 за пополнување работни места со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-145/1 од 10.01.2022 година ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју со Секретарот на Град Скопје, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место УПР0101Б03000 Помошник раководител на Сектор за правни работи во Секторот за правни работи предложи Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Никола Џајкоски.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат.
- Секторот за управување со човечки ресурси.
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**

**Ѓоко Велковски**